Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа - Institucioni Nacional
Центар за култура - Qendra për Kulturë
ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ - TRAJKO PROKOPIEV
Бр. nr. 04-333/30
24.07 2026 год./vit.
Куманово - Kumanovë

Врз основа на член 28 од Законот за култура на Р.М. („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 13 став 2 од Статутот на НУ Центар за култура ''Трајко Прокопиев'' – Куманово и Одлуките од Управен одбор со архивски број: **02-478/5** од **15.07.2026** година и бр. **02-478/6** од **15.07.2026** година, В.Д Директорот на Установата ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За поништување на Јавен оглас со архивски број 04-333/2 од 22.04.2026 година**

1. Се поништува Јавниот оглас со архивски **број 04-333/2 од 22.04.2026 година** за прием на едно (1) лице на неопределено работно време за едно (1) работно место - **Столар, со шифра КУЛ 04 01 А03 001**, објавен на 23.04.2026 година во дневните весници **''Слободен печат''**, **''Вечер''** и **''Коха''**.

2. Јавниот оглас се поништува поради тоа што Управниот одбор донесе Одлука со архивски број **02 – 478/5** од **15.07.2026** година со која Приговорите бр. **04- 333/22 од 15.06.2026** година од лицето **Кујтим Ебиби** и Приговорот **бр. 04-333/24 од 23.06.2026** година од лицето **Горан Спасовски СЕ УВАЖУВААТ.**
   Врз основа на уважените приговори Одлуката за избор на кандидат за вработување на неопределено време **бр. 04-333/20 од 12.06.2026** година донесена од В.Д Директорот на НУЦК ''Трајко Прокопиев'' – **СЕ ПОНИШТУВА.**
3. Врз основа на одржаната седница на Управниот одбор од **15.07.2026** година изврши увид во целокупната документација во врска со јавниот оглас, па поради повреди на одредбите од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, начинот на спроведување на селекцијата, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работното место за кое е објавен огласот од НУЦК ''Трајко Прокопиев'' – Куманово ( со арх. Бр. 01-70/3 од 15.01.2020 г.), за избор на кандидат за вработување, утврди дека истите се основани, поради што одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.
4. Одлуката за поништување на Јавниот оглас да се објави на Огласната табла и на ВЕБ страницата на Установата и да се достави до кандидатите.
5. Одлуката влегува во сила со донесувањето.

НУ ЦЕНТАР ЗА КУЛТУРА
''ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ'' –
КУМАНОВО
В.Д Директор,
Јоана Сарафимовска